**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | **Градоначалник на Град Скопје** |
| ИЗГОТВУВАЧ: | **Сектор за образование** |
| ПРЕТСТАВНИК: | **Пом.раководител на Сектор** |
| ПОВЕРЕНИК: | **Раководител на Сектор** |

# ПРЕДЛОГ-О Д Л У К А
**за прием и за давање на трајно користење движни ствари на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје**

**Скопје, декември 2025 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на _____ 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прием и за давање на трајно користење движни ствари на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје - Скопје**

Член 1

Со оваа Одлука Град Скопје од Центар за развој на стручното образование прима на трајно користење движни ствари, 2 (две) патнички моторни возила со следниве карактеристики:

| **Ред. бр.** | **Марка** | **Тип** | **Број на шасија** | **Регистарска ознака** | **Година на производство** | **Работна зафатнина на мотор (cm3)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Шкода | 6xFabia Combi | TMBHF46Y733801050 | SK-434-UR | 2003 година | 1896 cm3 |
| 2. | Фолксфаген | 9c | WVWZZZ9CZXM912866 | SK-7898-AK | 1998 | 1984 cm3 |

Движните ствари од став 1 на овој член Град Скопје ги прима на трајно користење, без надомест, согласно Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, бр.50-7243/8 од 14 октомври 2025 година, донесена на седница одржана на 14.10.2025, „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.213/25.

Член 2

Градоначалникот на Град Скопје и Директорот на Центарот за развој на стручното образование Скопје ќе склучат договор со кој поблиску ќе ги уредат правата и обврските за приемот на движните ствари од член 1 став 1 на оваа Одлука.

Член 3

Движните ствари од член 1 став 1 на оваа Одлука, Град Скопје ги дава на трајно користење, без надомест на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје.

Член 4

Градоначалникот на Град Скопје и директорот на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје, ќе склучат договор со кој поблиску ќе ги уредат правата и обврските за давањето на трајно користење на движните ствари од член 1 став 1 на оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број _______
___________ 2025 година
С к о п ј е

**СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Даме Димитровски**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје.

Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 14.10.2025 година, донесе Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, број 50-7243/8 од 14 октомври 2025 година, („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.213/25), со која на Град Скопје, без надомест, на трајно користење му даде 2 (две) патнички моторни возила за потребите на Автосообраќаен училишен центар „Боро Петрушевски“ на Град Скопје.

Врз основа на горенаведената Одлука на Владата на Република Северна Македонија, Советот на Град Скопје го овластува Градоначалникот на Град Скопје да склучи договори со Директорот на Центарот за развој на стручното образование и договор со директорот на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје - Скопје, со кои поблиску ќе ги уредат правата и обврските за движните ствари.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за прием и за давање на трајно користење движни ствари на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје.